**20121593829**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 30, член 31 став 4 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/12), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 6 ноември 2012 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО СТРАНСТВО

Член 1

Во Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство („Службен весник на Република Македонија“ број 45/2012) во членот 1 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат.

„Како контролни прегледи од ставот 1 на овој член се сметаат и прегледи во врска со проверка на функционалноста на веќе вградени инпланти и нивна поправка во странска здравствена установа која го вградила инплантот или во овластен сервисер во странство, доколку таа услуга не може да се изврши во република Македонија.

Доколку за сервисирање и поправка на инплантот од став 3 на овој член постои овластен сервисер во Република Македонија, правото на здравствената услуга се остварува согласно одредбите на член 9 од Законот за здравственото осигурување, како надоместок на трошоците за извршена здравствена услуга.“

Член 2

Во ставот 1 на членот 3, по заградата се додава зборот „или“.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-19877/10
6 ноември 2012 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Елена Трпковска**, с.р.